# ИЗВЕШТАЈ

## за истражувањето на потенцијалот на регионите (Полог, Североисточен, Југозападен и областа Преспа) за подобрување на конкурентноста на земјоделскиот сектор




Подготвен од Д-р Сузана Трајковска Кочанковска

Скопје, Април 2023

**ИЗЈАВА**

Информациите, документацијата и бројките во овој Извештај резултат се напишани во рамки на проектот "Зајакнување на управувањето на земјоделските задруги за подобрување на конкурентноста во земјоделскиот сектор - Конкуренти земјоделски задруги“ финансиран од Европската Унија. Содржината на документот е единствена одговорност проектните партнери Македонска асоцијација на земјоделски задруги и Здружение за бизниси и консултанти Креација.

Европската Унија не е одговорна за каква било употреба на информациите содржани овде. Сите права на интелектуална сопственост се во сопственост на партнерите на проектот и се заштитени со важечките закони. Репродукцијата не е овластена без претходен писмен договор.

Комерцијалната употреба на која било информација содржана во овој документ може да бара лиценца од сопственикот на тие информации.

## С О Д Р Ж И Н А

**Предговор**......6
**Извршно резиме**......7
**Вовед**......9
**1. Карактеристики на регионите**......10
1.1. Локација и општини......10
1.2 Население......11
1.3 Економски карактеристики......12
1.3.1. Бруто домашен производи и инвестиции во основни средства......12
1.3.2. Активни деловни субјекти......14
1.3.3 Активно население......15
1.4 Клучни наоди......15
**2. Потенцијал за развој на земјоделството**......17
2.1 Земјоделски површини......17
2.2 Земјоделско производство......18
2.3 Сточен фонд......20
2.4 Индекси на цени на аутпути и инпути во земјоделието......21
2.6 Индивидуални земјоделски стопанства и корисници на субвенции......22
2.5 Клучни наоди......23
**3. Институции и програми за поддршка на земјоделието**......24
3.1 Програми за поддршка......24
Оперативен план за активни програми и мерки и услуги на пазарот на трудот......24
Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво......24
Програма за развој на туризмот......25
Програмите за рурален развој и ИПАРД......25
Фонд за технолошки развој и иновации......27
Кредитни линии......27
Донаторски програми и проекти......28
Клучни наоди......28
3.2. Преглед на релевантни документи за регионите......29
Национално ниво......29
Полошки регион......29
Југозападен регион......30
Североисточен регион......31
Клучни наоди......32
**4. Препораки за потенцијалот на регионите за развој на земјоделството**......33

Препораки за проектот ....35
База на заинтересирани страни ....36
**Заклучоци ....36**
Анекс 1 : Преглед табели ....37
Анекс 2 База на заинтересирани страни....45
Анекс 3: Користени релевантни документи ....45
**Библиографија/веб линкови ....46**

**Табели**

Табела 1 Површина на регионите и густина на населението....10
*Табела 2 Вкупно резидентно население според 5-годишни возрасни групи , по региони, Попис 2021* ....11
*Табела 3 Бруто домашен производ, по години, по региони, 2019-2021 година*....12
Табела 4 БДП по региони и учество на ИОС во БДП, 2019-2021 година....13
Табела 5 Учество на ИОС на земјоделието во БДВ на регионите 2019-2021 година ....14
Табела 6 Број на активни деловни субјекти според бројот на вработени, по региони, по години, ....14
Табела 7 Учество на активни деловни субјекти од сектор земјоделие по региони ....14
Табела 8 Активно население по региони, попис 2021....15
Табела 9 Земјоделски површини по категории на користење, во хектари, по региони во 2021 година....17
Табела 10 Учеството на производство на одделни житни, индустриски и градинарски посеви во тони по региони 19
Табела 11 Производство на овошје и грозје во тони, по години, по региони ....19
Табела 12 Вкупен број на добиток, живина и пчелни семејства, и учество по региони-2021 година....20
Табела 13 Производство на млеко и учество на регионите во 2021 год. ....21
Табела 14 Субвенции за земјоделски производи, по ИЗС и хектари, 2022 год ....22

**Слики**

Слика 1. Резидентно население според 5-годишни возрасни групи и пол, по региони, Попис 2021 ....11
Слика 2 Население според пол, по региони, попис 2021....12
Слика 3 Структура на БДП и БДП по жител во Југозападен, Полошки и Североисточен регион, 2019-2021 год ....13
Слика 4 Земјоделски површини по категории на користење, во хектари, по региони во 2021 година....17
Слика 5 Производство на одделни житни, индустриски и градинарски посеви во тони, по години, по региони ....19
Слика 6 Индекси на цени на вкупниот аутпут и инпут во земјоделството, 2015=100, годишни....22

**Преглед-табели**

Преглед-Табела 1 Население по возрасни групи, по пол, по региони 2019-2021....37
*Преглед-Табела 2 Инвестиции во основни средства, по сектори на дејност, НКД Рев.2, по региони, по години, во милиони денари, по ЕСС 2010* ....37
Преглед-Табела 3 Деловни субјекти по сектор на дејност во ЈЗР ....37
Преглед-Табела 4 Деловни субјекти по сектор на дејност во Полог ....38
Преглед-Табела 5 Деловни субјекти по сектор на дејност во СИР....39

Преглед-Табела 6 Деловни субјекти по сектор на дејност во Ресен ....................39
Преглед-Табела 7 Активно население во земјоделство, по општини во Полог, попис 2021 ....................40
Преглед-Табела 8 Активно население во земјоделство, по општини во ЈЗР, попис 2021 ....................40
Преглед-Табела 9 Активно население во земјоделство, по општини во СИР, попис 2021....................41
Преглед-Табела 10 Земјоделски површини по категории на користење, во хектари, по региони 2019-2021 ............42
Преглед-Табела 11 Земјоделски површини по категории на користење во ППР, 2019-2021 ....................42
Преглед-Табела 12 Земјоделски површини по категории на користење во ЈЗПР, 2019-2021....................42
Преглед-Табела 13 Земјоделски површини по категории на користење во СИПР, 2019-2021....................42
Преглед-Табела 14 Земјоделски површини по категории на користење во Преспа-Ресен, 2019-2021 ....................42
Преглед-Табела 15 Производство на одделни житни, индустриски и градинарски посеви , по години, по региони .43
Преглед-Табела 16 Производство на овошје и грозје во тони, по години, по региони....................43
Преглед-Табела 17 Вкупен број на добиток, живина и пчелни семејства, по региони, по години....................43
Преглед-Табела 18 Вкупен број на добиток, живина и пчелни семејства, по региони, по години....................43
Преглед-Табела 19 Производство на млеко, по региони, 2019-2021 год. ....................43
Преглед-Табела 20 Индекси на цени на аутпутот во земјоделството, 2015=100, годишни ....................44
Преглед-Табела 21 Индекси на цени на стоките и услугите користени во земјоделството, 2015=100, годишни ......45

**Кратенки**

| | |
|---|---|
| АВРСМ | Агенција за вработување на Република Северна Македонија |
| АФПЗ | Агенција за финансиска поддршка на земјоделието |
| БДВ | Бруто додадена вредност |
| БДП | Бруто домашен производ |
| ГВ | Гостивар |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЗЗ | Земјоделски задруги |
| ИЗ | Индивидуален земјоделец/и |
| ИКТ | Информатичко компјутерска технологија |
| ИОС | Инвестиции во основни средства |
| ИПАРД | Инструмент за претпристапна помош за земјоделие и рурален развој |
| ЈЗР/ЈЗПР | Југозападен плански регион |
| МЗШВ | Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство |
| ММСП | Микро, мали и средни претпријатија |
| МСП | Мали и средни претпријатија |
| ОП | Област Преспа |
| ППР | Полошки плански регион |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| СИР/СИПР | Североисточен плански регион |
| На/ха | Хектар |

# Предговор

Подобрувањето на конкурентноста на секторот земјоделие и живеењето во руралните области е национален приоритет во наредниот период. Соочувањето со овој предизвик е потреба на национално, регионално и локално ниво, вклучувајќи ги сите пазарни актери. Затоа клучните заинтересирани страни во секторот преземаат мерки и активности за остварување на овој приоритет, опфаќајќи различни видови поддршка како што е институционална, советодавна, технолошка и финансиска.

Во тие рамки проектот „Зајакнување на менаџментот на земјоделските задруги за подобрување на конкурентноста во земјоделскиот сектор, (Конкурентни Земјоделски задруги)" има намера да придонесе кон испорака на советодавни услуги и грантови за индивидуалните земјоделци и земјоделските задруги од три региони (Североисточен, Полог, Југозападен и областа Преспа), во насока на подобрување на нивната конкурентност и подобрен пристап до пазарот. Проектот е финансиран од ЕУ, а го имплементираат Македонската асоцијација на земјоделски задруги и ЗБК Креација-Скопје.

Извештајот е изработен за потребите на проектот и прави осврт на потенцијалот во таргетираните региони за осмислување и испорака на проектните активности во насока на идентификуваниот потенцијал и остварување на планираните резултати.

*Проектен тим*

# Извршно резиме

(1) Трите региони, Североисточен, Полог, Југозападен и областа Преспа). опфаќаат 34,31% од вкупната површина на земјата, учество на населението од 32,47% со различна густина на населението, најмала во Југозападниот,53,11 жители на км$^2$, а најголема во Полог 103,43, а организирани се во 25 општини и 712 населени места.

Според возрасни групи најдобар соодност има полошкиот регион, 18,64% на возрасната група 0-14 години и 68,34% возрасната група 15-64 години. Југозападниот регион е со најголемо учество на возрасната група 65+ години, со 16,86%.. Поголемо учество на мажите од просекот на земјата е во Североисточниот регион, додека поголемо учество на жените од просекот на земјата е во Полошкиот регион

(2) Уделот на БДП на трите региони во БДП на земјата е 20,7% во 2021 година. Пораст на учеството е забележан кај БДП на ЈЗР , ( 8,4% во 2021 год во однос на 8,1% во 2019 год), а кај другите два региони уделот е речиси на исто ниво. БДП по жител, како процент од БДП по жител на ниво на земјата, бележи зголемување во 2021 година во споредба со 2019 година кај сите три региони

(3) Учеството на инвестициите во основни средства во земјоделието бележат подинамичен пораст во однос на РСМ, но сепак тие се на многу ниско ниво во однос на учеството на земјоделието во БДВ.

Постои ниска искористеност на работната сила, а стапката на невработеност во регионите е повисока во спроедба со стапката на невработеност во РСМ.

(4) Разгледуваните региони учествуваат со 37,5% во земјоделската површина во РСМ ( најголемо е учеството на ППР со 172.595 хектари) , а со 34,6% во вкупната обработлива површина во РСМ (најголемо е учеството на СИР со 75.876 хектари.

Во разгледуваниот период 2019-2021 година забележан е тренд за намалување на земјоделската и вкупната обработлива површина во СИПР, а благо пораст во ППР и ЈЗПР.

(5) ЈЗПР е познат по производството на цреша, брендирана и позната пошироко, која учествува со 24,39%. во вкупното производство на РСМ. Високо учество имаат јаболка та (18,02%), крушата (19,14%) ореви (16,71%,) а кај сливата со 22,17% %. Другите производи имаат забележително помало учество.

СИПР има најголемо учество во производството на ореви (9,45%), круши (9,06%), и сливи (8,82%),учеството на ППР над 10% се забележува кај црешите (10,67%)и оревите (13,69%. Останатите производи се со под 10% учество во вкупното производство на СРМ. Во областа Преспа доминира производство на јаболка со 65,08% од вкупното производство на РСМ.

(6) Во периодот 2019-2021 година вкупниот број на добиток го следи националниот тренд на намалување на добитокот, живината и пчелни семејства, а зголемување на бројот на коњи и свињи. Позитивна тенденција во ППР е зголемувањето на просекот по молзна крава, раст од 7% во однос на 2019 година и 27,86% над националниот просек.

(7) Неповолна состојба во цените на аутпутите и инпутите во земјоделството влијае во намалување на производството на земјоделски производи и профитабилноста на ИЗ. Индексите на цените на вкупниот аутпут и инпут во земјоделството ( 2015 год=100), бележат поголем раст на цените на инпутите (41,9%)

во однос на цените на аутпутите ( 1,8% на вкупниот аутпут и 8,2% на вкупниот аутпут без зеленчук, овошје и грозје), растот е помал и од вкупниот индекс на цените на индустриските производи (38,8%).

(8) Имајќи во предвид дека една од основните причини поради која земјоделците се организирааат во земјоделска задруга е набавката на поевтини инпути, а со тоа и намалување на производната цена на аутпутите, неповолната состојба со цените на аутпутите и инпутите во земјоделството цена претставува потенцијал за формирање на нови задруги или за вклучување на ново членство во постоечките ЗЗ.

(9) Од вкупно 60.362 вкупно индивидуални земјоделски стопанства (ИЗС) во 3 -те региони, само 21.857 се корисници на субвенции од МЗШВ, што покажува дека постои потенцијал за активирање и поголема вклученост на преостанатите две третини евидентирани ИЗС.

(10) Двете клучни програми за развој на земјоделието, ИПАРД 2021-2027 (128.073.333 евра) и Програмата за рурален развој за 2023 година (22 мил евра), се можност за поголема искористеност на потенцијалите на разгледуваните региони. Пристапот до финансиска поддршка бара добро познавање на административните процедури за аплицирање на мерките. Затоа потребна е поддршка на ИЗ за информирање и пристап до програмите, како и стручни совети за подготовка на апликацијата, вклучувајќи и совети за имплементација на одобрени финансиски средства.

(11) Центри за развој на планските региони планираат активности за поддршка на земјоделството, дефинирани во нивните програми за работа преку среднорочни цели, стратешки приоритети и мерки. Меѓутоа, отсуствува буџет и изворите на финансирање на активностите.

Најчесто споменувани активности се брендирање на земјоделските производи и поддршка на ИЗ за здружување во земјоделски задруги. Затоа, потребно е да се промовира проектот пред институциите на национално и регионално ниво, за обезбедување на синергија и поддршка за постигнување на планираните резултати..

*(12)* Најголеми потенцијали се идентификувани за: *тетовски грав, шар планинско јагне* и кашкавал во ППР**;** *Цреша, вишња и лешник* во ЈЗПР; јагнешко месо, сирење и кашкавал (Овчеполка-Праменка со географска ознака во СИПРЧ и *јаболка и мед* во областа Преспа.

(13) Препораките за проектот се однесуваат на: едукација и обуки за зголемување обемот на производство, подобрување на квалитетот и информации за нови стандарди за околината и енергетската ефикасност; менторство за брендирање на производите; пристап до пазарот и до државната поддршка; и инвестиции за нви технологии и инотивни методи за менаџирање на работењето.

Презентираниот потенцијал на разгледуваните региони може да се стави во функција за подобрување на конкурентноста на земјоделскиот сектор преку координирана соработка сите релевантни чинители за поддршка на ИЗ и ЗЗ за зголемување на обемот и квалитетот на земјоделското производство и подобар пристап до пазарот.

Придонесот на проектот за искористување на потенцијалот на регионите треба да се насочи кон градење капацитет на ИЗ и ЗЗ ( обуки и менторство) и финансиска поддршка за имплементација на знаењето и новите бизнис концепти на учесниците во проектот.

# Вовед

Проектот „Зајакнување на менаџментот на земјоделските задруги за подобрување на конкурентноста во земјоделскиот сектор, (Конкурентни Земјоделски задруги)", имплементиран од Македонската асоцијација на земјоделски задруги и ЗБК Креација-Скопје, има за цел подобрување на конкурентноста на земјоделските задруги и живеењето во руралните области преку прилагодени советодавни услуги и суб-грантови шеми за повисок производствен капацитет, зголемен удел на пазарот и полесен пристап до финансии.

Проектот е географски фокусиран на три региони (Североисточен, Полог, Југозападен и областа Преспа). Посебните цели на проектот се: развој и промовирање на модел за соработка помеѓу земјоделците за воспоставување и/или зголемување на членството во земјоделските задруги (ЗЗ); зголемување на производствениот капацитет и пазарното присуство на земјоделските задруги со етикети за квалитет и географско потекло; и подобрување на менаџментот на земјоделските задруги и земјоделците за полесен пристап до финансии и програми за поддршка.

Идентификувањето на потенцијалот на регионите е почетната точка во осмислувањето на проектната поддршка за целните групи.

Методологија за подготовка на извештајот вклучи: деск истражување за собирање статистички податоци и база на податоци на релевантни државни институции за ЗЗ и ИЗ во наведените региони; анализа на собраните податоци од стратешки документи за регионите, заводот за статистика и интернет извори; и презентирање на наодите и препораките.

Содржината на документот е организирана во четири поглавја: карактеристики на регионите; потенцијалот за развој на земјоделството; институции и програми за поддршка на земјоделието; и препораки за потенцијалот на регионите за развој на земјоделството..

Наодите се користат за изработка на препораки за поголема искористеност на потенцијалите на регионите за подобрување на конкурентноста на земјоделскиот сектор, а истите се презентирани за секој регион поединечно.

# 1. Карактеристики на регионите

## 1.1.Локација и општини

Разгледуваните региони и областа Преспа опфаќаат 34,31% од вкупната површина на земјата, учество на населението од 32,47% со различна густина на населението, најмала во Југозападниот,53,11 жители на км$^2$, а најголема во Полог 103,43 (табела 1) Организирани се во 25 општини и 712 населени места.

*Табела 1 Површина на регионите и густина на населението*

| | КМ$^2$ | Учество | Резидентно Население | Густина на население |
|---|---|---|---|---|
| *Република Северна Македонија* | 25.713 | 100% | 1.836.713 | 71,43 |
| *Југозападен* | 3.340 | 12,99% | 177.398 | 53,11 |
| *Полог* | 2.432 | 9,46% | 251.552 | 103,43 |
| *Североисточен* | 2.310 | 8,98% | 152.982 | 66,23 |
| *Преспа* | 739 | 2,87% | 14.373 | 19,45 |
| *Учество на регионите* | | 34,31% | 32,47% | |

Извор: МАКСТАТ, податоци од пописот 2021 година

- Регионот Полог се наоѓа во северозападниот дел на Македонија, Тој ја опфаќа долината Полог, платото Маврово, планинскиот венец Бистра и долината на реката Радика, распространета на површина од 2,432 км$^2$, или 9. 46 % од вкупната површина на земјата. Вегетациските карактеристики на Полошката Котлина и околните планини создаваат предуслови за развој на земјоделството, а особено на сточарството, по што е познат овој регион.

  Полог се состои од девет општини: Боговиње, Брвеница, Врапчиште, Гостивар,Желино, Јегуновце, Маврово - Ростуше, Теарце и Тетово, од кои 7 се рурални општини и 2 се урбани. Општините бројат 184 населби, од кои 182 се рурални, со висока концентрација на население во два поголеми центри, Тетово и Гостивар и мал број други општини, карактеризирајќи го полошкиот регион со висока густина на населението во урбаните центри и големото ненаселено земјоделско и природно земјиште.

- Југозападниот плански регион опфаќа површина од 3340 км$^2$ или 12, 99% од вкупната површина на земјата. Релјефот на Југозападниот плански регион е планински и котлински. Преовладуваат високи планини чија надморска височина преминува и над 2000 м. Во регионот најголема е Охридско-струшката котлина сместена помеѓу планините Јабланица и Галичица,во еден дел исполнета со Охридското Езеро.

  Во ЈЗП влегуваат 9-те општини: Вевчани, Дебар, Дебрца, Охрид, Кичево, Македонски Брод, Пласница, Струга и Центар Жупа, со 38,85% рурално население[1]. Целосно рурални општини се Дебрца, Пласница и центар Жупа.

- Североисточниот регион опфаќа површина од 2310 км$^2$ или 8,89% од вкупната површина на земјата, а ги опфаќа општините на крајниот североисточен дел на Република Македонија, долж сливното подрачје на реката Пчиња и Крива Река

  СИР има 6 општини и тоа: Кратово, Крива Паланка, Куманово, Липково, Ранковце и Старо Нагоричане и 192

[1] Програма за развој на Југозападниот регион 2021-2026 година, страна 12, https://southwestregion.mk/web/wp-content/uploads/2021/07/FinalnaPrograma_JUGOZAPADEN_Planski_Region_2021-2026.pdf

населени места. Во неговиот состав влегуваат 192 населени места, од кои 189 се рурални населби.

- Општината Ресен се наоѓа во Преспанската Котлина, во југозападниот дел на Република Македонија и опфаќа површина од 739 км2, со 44 населени места (43 се рурални) и ниска густина на населението, 19,45 жители на км$^2$.

Презентираните податоци за населението се од пописот 2021 година и се однесуваат на резидентното население во разгледуваните региони.

## 1.2 Население

Разгледуваните региони имаат вкупно 596.305 жители и учествуваат во вкупното население во земјата со 32,47 %. Поединечното учество на населението по региони и учеството на различните старосни групи е прикажано во табелата бр. 2

*Табела 2* ***Вкупно резидентно население според 5-годишни возрасни групи , по региони, Попис 2021***

| | Република Северна Македонија | | Југозападен Регион | | | Полошки Регион | | | Североисточен Регион | | | Преспа-Ресен | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВКУПНО | Учество воз.групи | ВКУПНО | Учество воз.групи | Учество во РСМ | ВКУПНО | Учество воз.групи | Учество во РСМ | ВКУПНО | Учество воз.групи | Учество во РСМ | ВКУПНО | Учество воз.групи | Учество во РСМ |
| **ВКУПНО** | 1.836.713 | 100% | 177.398 | 100% | 9,66% | 251.552 | 100% | 13,70% | 152.982 | 100% | 8,33% | 14.373 | 100% | 0,78% |
| **0-14** | 96.521 | 16,95% | 8.524 | 15,99% | 8,83% | 14.370 | 18,64% | 14,89% | 7.953 | 16,98% | 8,24% | 1.848 | 12,86% | 1,91% |
| **15-64** | 104.035 | 65,88% | 10.188 | 67,14% | 9,79% | 15.700 | 68,34% | 15,09% | 9.537 | 66,84% | 9,17% | 9.414 | 65,50% | 9,05% |
| **65+** | 114.187 | 17,17% | 11.009 | 16,87% | 9,64% | 12.976 | 13,03% | 11,36% | 9.185 | 16,18% | 8,04% | 3.111 | 21,64% | 2,72% |

- Најголемо учество во вкупното население има Полошкиот регион,13,70%, а Југозападниот и Североисточниот регион учествуват со 8,83% и 8,24%. Регионот Полог е еден од најгусто населените региони во Македонија. Иако населението во регионот сочинува 13,7 проценти од вкупното население во земјата, се одликува со густина на населението од 104,0 жители / km2, што е 1,44 пати повеќе од просечната густина на населението во Република Македонија
- Според возрасни групи најдобар соодност има повторно полошкиот регион, 18,64% на возрасната група 0-14 години и 68,34% возрасната група 15-64 години. Југозападниот регион е со најголемо учество на возрасната група 65+ години, со 16,86%.




*Слика 1. Резидентно население според 5-годишни возрасни групи и пол, по региони, Попис 2021*




*Слика 2 Население според пол, по региони, попис 2021*

- Поголемо учество на мажите од просекот на земјата е во Североисточниот регион, додека поголемо учество на жените од просекот на земјата е во Полошкиот регион. ( слика 2)

## 1.3 Економски карактеристики

### 1.3.1. Бруто домашен производи и инвестиции во основни средства

Уделот на БДП на трите региони ( Југозападен, Полог и Североисточен) во БДП на земјата е 20,7% во 2021 година. Пораст на уделот е забележан кај БДП на ЈЗР , на 8,4% во 2021 год од 8,1% во 2019 год, а кај другите два региони уделот е речиси на исто ниво, ППР 7,4% во 2021 и 7,3% во 2019, а СИР 2021 и 4,8% во 2019 година

БДП по жител, како процент од БДП по жител МК, бележи зголемување во 2021 година во споредба со 2019 година кај сите три региони, ЈЗР од 76,5% од националниот просек во 2019 на 86,7% во 2021, ППР од 47,3% на 54% и СИР од 56,2% на 58,4%, редоследно 2019 и 2021 година

***Табела 3 Бруто домашен производ, по години, по региони, 2019-2021 година***

| | 2019 | | | | 2020 | | | | 2021 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | БДП, во милиони денари | Структура на БДП, РМ = 100% | БДП, по жител, во денари | БДП, по жител, МК =100 | БДП, во милиони денари | Структура на БДП, РМ = 100% | БДП, по жител, во денари | БДП, по жител, МК =100 | БДП, во милиони денари | Структура на БДП, РМ = 100% | БДП, по жител, во денари | БДП, по жител, МК =100 |
| Република Македонија | 692683 | 100,0 | 333551 | 100,0 | 669280 | 100,0 | 322929 | 100,0 | 720414 | 100,0 | 392230 | 100,0 |
| Југозападен регион | 55969 | **8,1** | 255123 | 76,5 | 53581 | 8,0 | 245055 | 75,9 | 60332 | **8,4** | 340091 | 86,7 |
| Полошки регион | 50890 | 7,3 | 157748 | 47,3 | 49600 | 7,4 | 153789 | 47,6 | 53301 | 7,4 | 211890 | 54,0 |
| Североисточен регион | 33030 | 4,8 | 187578 | 56,2 | 31721 | 4,7 | 180671 | 55,9 | 35053 | 4,9 | 229131 | 58,4 |
| Вкупно трите региони | | **20,2** | | | | **20,1** | | | | **20,7** | | |

Извор: МАКСТАТ

- БДП по глава на жител во Полошкиот регион е најмал процент (54% од националниот просек) и е три пати помал од БДП по глава на жител во Скопскиот плански регион[2].

[2] Програма за развој на Полошкиот плански регион 2021-2026 година, стр.12, линк пристапено на 7.04.2023 год.

- Од статистичките податоци може да се заклучи дека освен Скопскиот сите други региони имаат бруто-домашен производ под просекот на Република Северна Македонија[3]




*Слика 3 Структура на БДП и БДП по жител во Југозападен, Полошки и Североисточен регион, 2019-2021 година*

Учеството на ИОС во БДП на регионите во периодот 2019-2021 година е помало од учество ИОС во БДП на земјата(22,5% во 2021 година). При тоа, учеството на ИОС во земјоделието во БДП е помало од националниот просек (0,58%) само во Полошкиот регион (0,34%) за разлика од ЈЗР и СИР каде учеството на ИОС во земјоделието е 0.62% и 0,74% од БДП, редоследно.

- Во Југозападниот регион учеството на ИОС во БДП бележи пад од 27,5% во 2019 на 18,9% во 2021, а учеството на ИОС во земјоделието изнесува 0,62% од БДП на регионот во 2021 и е повисоко од националниот просек (0,58%).
- Учеството на ИОС во БДП на Полошкиот регион бележи раст од 14,5% во 2019 на 18,2% во 2021, а учеството на ИОС во земјоделието изнесува 0,34% од БДП на регионот во 2021 и е пониско од националниот просек (0,58%).
- Во СИР учеството на ИОС во БДП бележи пад од 20,2% во 2019 на 19,8% во 2021, а учеството на ИОС во земјоделието изнесува 0,74% од БДП на регионот во 2021 и е повисоко од националниот просек (0,58%).

***Табела 4 БДП по региони и учество на ИОС во БДП, 2019-2021 година***

| | Република Македонија | | | Југозападен регион | | | Полошки регион | | | Североисточен регион | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 |
| БДП, во милиони денари | 692.683 | 669.280 | 720.414 | 55.969 | 53.581 | 60.332 | 50.890 | 49.600 | 53.301 | 33.030 | 31.721 | 35.053 |
| Структура на БДП, РМ = 100% | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 8,1 | 8,0 | 8,4 | 7,3 | 7,4 | 7,4 | 4,8 | 4,7 | 4,9 |
| ИОС,во милиони денари- вкупно | 145.756 | 144.506 | 162.392 | 15.369 | 10.838 | 11.426 | 7.360 | 5.488 | 9.720 | 6.678 | 4.240 | 6.958 |
| Учество на ИОС во БДП-вкупно | 21,0% | 21,6% | 22,5% | 27,5% | 20,2% | 18,9% | 14,5% | 11,1% | 18,2% | 20,2% | 13,4% | 19,8% |
| ИОС,во милиони денари- земјоделие | 4.067 | 3.266 | 4.201 | 368 | 287 | 373 | 194 | 219 | 179 | 160 | 117 | 260 |
| Учество на ИОС во БДП-земјоделие | 0,59% | 0,49% | 0,58% | 0,66% | 0,54% | 0,62% | 0,38% | 0,44% | 0,34% | 0,48% | 0,37% | 0,74% |

Извор:МАКСТАТ

Во 2021 година учеството на ИОС во земјоделието во бруто додадената вредност на Регионот највисоко е во Полошкиот регион (10,05%), следи СИР со 5,91% и ЈЗР со 3,2%. (табела 5).

[3] Исто, страна 12

Учеството на ИОС во земјоделието во вкупните ИОС во 2021 година повисоко е од националниот просек (2,59%) во ЈЗР (3,26%) и СИР (3,74%) а пониско во Полошкиот регион (1,84%). Учество на ИОС во земјоделието во вкупните ИОС во земјоделието во Република Северна Македонија изнесува 8,88% во ЈЗР, 6,19% во СИР и 4,26% во ППР. (Анекс: прилог табела 2)

***Табела 5 Учество на ИОС на земјоделието во БДВ на регионите 2019-2021 година***

| | Република Македонија | | | Југозападен регион | | | Полошки регион | | | Североисточен регион | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 |
| Вкупно | 601.462 | 588.081 | 622.858 | 48.598 | 47.080 | 52.162 | 44.188 | 43.582 | 46.083 | 28.680 | 27.872 | 30.306 |
| Структура на БДВ | 100 | 100 | 100 | 8,1% | 8,0% | 8,4% | 7,3% | 7,4% | 7,4% | 4,8% | 4,7% | 4,9% |
| А Земјоделство, шумарство; рибарство | 56.331 | 57.351 | 52.225 | 1.951 | 1.834 | 1.668 | 5.389 | 5.068 | 4.633 | 1.991 | 1.961 | 1.791 |
| **Учество на земјоделие во БДВ** | **9,37%** | **9,75%** | **8,38%** | **4,01%** | **3,90%** | **3,20%** | **12,20%** | **11,63%** | **10,05%** | **6,94%** | **7,04%** | **5,91%** |
| ИОС,во милиони денари- вкупно | 145.756 | 144.506 | 162.392 | 15.369 | 10.838 | 11.426 | 7.360 | 5.488 | 9.720 | 6.678 | 4.240 | 6.958 |
| Учество на ИОС во БДВ-вкупно | 24,2% | 24,6% | 26,1% | 31,6% | 23,0% | 21,9% | 16,7% | 12,6% | 21,1% | 23,3% | 15,2% | 23,0% |
| ИОС,во милиони денари-земјоделие | 4.067 | 3.266 | 4.201 | 368 | 287 | 373 | 194 | 219 | 179 | 160 | 117 | 260 |
| Учество на ИОС во БДВ-земјоделие | 0,68% | 0,56% | 0,67% | 0,76% | 0,61% | 0,72% | 0,44% | 0,50% | 0,39% | 0,56% | 0,42% | 0,86% |

Извор: МАКСТАТ

## 1.3.2. Активни деловни субјекти

Бројот на активни деловни субјекти во анализираните региони изнесува 19.800 или 27,15% од вкупниот број на активни деловни субјекти во Република Северна Македонија, а најголемо учество имаат деловните субјекти од 1 до 9 вработени (29,11% од вкупниот број во земјата) или 87,9% од вкупниот број на активни деловни субјекти во трите региони ( табела 6).

Табела 6 **Број на активни деловни субјекти според бројот на вработени, по региони, по години, состојба 31 декември**

| | Република Македонија | | | Југозападен регион | | | Полошки регион | | | Североисточен регион | | | Учество 2021 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 | ЈЗР | ППР | СИР | Вкупно | Бр.на ДС |
| **Вкупно** | 75.914 | 73.061 | 72.922 | 7.520 | 7.268 | 7.218 | 8.614 | 8.408 | 8.477 | 4.174 | 4.092 | 4.105 | 9,90% | 11,62% | 5,63% | 27,15% | 19.800 |
| **0 вработени или без податок** | 7.565 | 6.036 | 5.980 | 558 | 397 | 393 | 451 | 302 | 315 | 260 | 205 | 203 | 6,57% | 5,27% | 3,39% | 15,23% | 911 |
| **1-9** | 61.265 | 59.977 | 59.796 | 6.423 | 6.346 | 6.290 | 7.628 | 7.547 | 7.601 | 3.522 | 3.505 | 3.514 | 10,52% | 12,71% | 5,88% | 29,11% | 17.405 |
| **10-49** | 5.448 | 5.405 | 5.488 | 420 | 399 | 412 | 424 | 451 | 446 | 308 | 302 | 307 | 7,51% | 8,13% | 5,59% | 21,23% | 1.165 |
| **50-249** | 1.404 | 1.410 | 1.424 | 108 | 115 | 111 | 103 | 101 | 108 | 79 | 74 | 74 | 7,79% | 7,58% | 5,20% | 20,58% | 293 |
| **250+** | 232 | 233 | 234 | 11 | 11 | 12 | 8 | 7 | 7 | 5 | 6 | 7 | 5,13% | 2,99% | 2,99% | 11,11% | 26 |

Извор: МАКСТАТ

Активните деловни субјекти во секторот земјоделие изнесуваат 477 или 2,36% од вкупниот број активни деловни субјекти во регионот.

***Табела 7 Учество на активни деловни субјекти од сектор земјоделие по региони***

| | Република Македонија | | | Југозападен регион | | | Полошки регион | | | Североисточен регион | | | Преспа | | | Вкупно 2021 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | 2020 | 2021 | Број | % |
| **Вкупно** | 75.914 | 73.061 | 72.922 | 7.520 | 7.268 | 7.218 | 8.614 | 8.408 | 8.477 | 4.174 | 4.092 | 4.105 | 468 | 440 | 434 | 20.234 | 27,75% |
| А Земјоделство, шумарство и рибарство | 2605 | 2414 | 2363 | 161 | 141 | 144 | 197 | 182 | 187 | 142 | 131 | 126 | 25 | 22 | 20 | 477 | 20,19% |
| Учество на деловни субјекти од земјоделие | 3,43% | 3,30% | 3,24% | 2,14% | 1,94% | 2,00% | 2,29% | 2,16% | 2,21% | 3,40% | 3,20% | 3,07% | 5,34% | 5,00% | 4,61% | 2,36% | |

Извор МАКСТАТ

Бројот на активни деловни субјекти за сите сектори на дејност, по региони дадени се во анекс преглед табелите бр.3,4,5 и 6.

### 1.3.3 Активно население

Активното население во анализираните региони прикажано е во табела 8. Учеството на активното население во секторот земјоделие е највисоко во областа Преспа 12,2% а најмало во СИР 1,9%. Учество на мажите е два пати поголемо од учеството на жените.

*Табела 8 Активно население по региони, попис 2021*

| | Полог | | | Североисточен | | | Југозападен | | | Преспа-Ресен | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Пол - ВКУПНО | Мажи | Жени | Пол - ВКУПНО | Мажи | Жени | Пол - ВКУПНО | Мажи | Жени | Пол - ВКУПНО | Мажи | Жени |
| Вработени според секторите на дејност - ВКУПНО | 57.049 | 37.498 | 19.551 | 40.301 | 23.544 | 16.757 | 54.479 | 31.717 | 22.762 | 4.728 | 2.675 | 2.053 |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 1.671 | 1.335 | 336 | 766 | 576 | 190 | 1.201 | 979 | 222 | 576 | 465 | 111 |
| **Учество на земјоделство** | **2,9%** | **3,6%** | **1,7%** | **1,9%** | **2,4%** | **1,1%** | **2,2%** | **3,1%** | **1,0%** | **12,2%** | **17,4%** | **5,4%** |

Извор МАКСТАТ

Активното население по општини во секој регион презентирано е во анекс: преглед- табели бр.8,9 и 10.

Во презентираните податоци не се внесени регистрираните индивидуални земјоделци кои се дел од активното население во секторот земјоделие и тоа ЈЗР со 17.098 ИЗ[4], СИР 22.066 ИЗ[5] и Полог 21.198 ИЗ[6]. За потребите на истражувањето анализирани ИЗ кои се корисници на субвенции за одредени земјоделски култури.

## 1.4 Клучни наоди

| Општи карактеристики/трендови | Потреби |
|---|---|
| **Обемот на население претставува значаен фактор за развојот на Регионите** | **- Популацијата треба да се стави во функција на економскиот и социјалниот развој** |
| **Динамиката е во согласност со општите движења во рамките на РСМ, при што присутно е намалување на вкупната популација и на природниот прираст.** | **- Промена на политиката на демографски развој со воведување стимулативни мерки за рамномерен демографски развој по региони и општини** |
| **Густината на населеноста е помала од онаа на ниво на државата.** | **-Позитивна развојна околност е што капацитетот на просторот може да се активира во функција на подобри услови за живеење.** |
| **Полова структура покажува балансиран однос на ниво на Регионите, но и по општини.** | **-Ваквата застапеност на машката и женската популација упатува на можности за рамноправно користење на ресурсите и почитување на половата рамноправност.** |
| **ППР и ЈЗПР имаат просечно помлада популација во однос на РСМ, при што преовладува работоспособната популација на возраст од 15 до 64 години.** | **-Погодност за вклучување во развојните процеси на работоспособната популација, и зголемување на стапката на вработените лица.** |

[4] Програма за развој на Југозападниот плански регион 2021-2026 година, https://southwestregion.mk/web/wp-content/uploads/2021/07/FinalnaPrograma_JUGOZAPADEN_Planski_Region_2021-2026.pdf ,пристапено на 8.04.2023 год
[5] Програма за развој на Североисточен плански регион 2021-2026 година, https://northeastregion.gov.mk/web/wp-content/uploads/ link to document
[6] Програма за развој на Полошкиот плански регион 2021-2026 година, линк пристапено на 7.04.2023 год

| Општи карактеристики/трендови | Потреби |
|---|---|
| По висината на БДП и учеството во РСМ, Регионите се на самото дно. | Неопходно е поефикасно користење на расположливите ресурси за унапредување на економскиот развој. |
| Во креирањето на бруто додадената вредност по сектори и дејности учеството на Регионите во РСМ е изразито ниско. Учеството на земјоделието во БДВ на регионите (освен во ППР) е помало | Ваквата состојба упатува на потреба од подинамичен развој посебно во следниве сектори: Информации и комуникации, градежништво и земјоделство, шумарство и рибарство. |
| Учеството на инвестициите во основни средства во земјоделието бележат подинамичен пораст во однос на РСМ, но сепак тие се на многу ниско ниво во однос на учеството на земјоделието во БДВ | Поголема промоција на инвестиции во земјоделието и понуда на програми за финансирање на ИЗ и земјоделските задруги. |
| Преовладуваат деловни субјекти од 1 до 9 вработени. | Позитивниот тренд на отворање на МСП треба да продолжи и да се стимулира. Исто така, треба да се подобри деловната клима за да не се затвораат бизнисите. |
| Ниска искористеност на работна сила во Регионите. | Отворање на процесите за подобрување на користењето на релативно - младото и бројно активно население и работна сила. |
| Стапката на невработеност во регионите е повисока во однос на РСМ. | Зголемување на вработеноста и намалување на стапката на невработеност, преку ревитализација на капацитетите, и отворање на нови работни места. |

# 2. Потенцијал за развој на земјоделството

Потенцијалот за развој на земјоделството е анализиран според земјоделската површина, производството на земјоделски производи и поддршката на релевантните институции презентирана во стратешките документи.

## 2.1 Земјоделски површини

Разгледуваните региони учествуваат со 37,5% во земјоделската површина во РСМ ( најголемо е учеството на ППР со 172.595 хектари) , а со 34,6% во вкупната обработлива површина во РСМ (најголемо е учеството на СИР со 75.876 хектари), табела 9.

Во разгледуваниот период 2019-2021 година забележан е тренд за намалување на земјоделската и вкупната обработлива површина во СИПР, а благо пораст во ППР и ЈЗПР. Истиот тренд го следат и општините од соодветните региони. ( анекс: преглед-табели 10,11,12,13 и 14)

Табела 9 **Земјоделски површини по категории на користење, во хектари, по региони во 2021 година**

| | РСМ | ППР | СИР | ЈЗР | Преспа | Вкупно | Учество во РСМ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Земјоделска површина** | **1.259.996** | **172.595** | **141.031** | **135.688** | **22.834** | **472.148** | **37,5%** |
| **Вкупна обработлива површина** | 516.733 | 41.482 | 75.876 | 50.116 | 11.148 | 178.622 | 34,6% |
| **Ораници и бавчи** | 416.714 | 30.189 | 62.097 | 39.818 | 6.745 | 138.849 | 33,3% |
| **Овоштарници** | 16.942 | 964 | 1.481 | 2.238 | 3.335 | 8.018 | 47,3% |
| **Лозја** | 23.776 | 44 | 1.334 | 609 | 130 | 2.117 | 8,9% |
| **Ливади** | 59.301 | 10.285 | 10.964 | 7.451 | 938 | 29.638 | 50,0% |

Извор МАКСТАТ




*Слика 4* ***Земјоделски површини по категории на користење, во хектари, по региони во 2021 година***

**ЈЗПР ( преглед-табела 12)**

- ЈЗПР има вкупно 135.668 хектари, или 10.77% од земјоделските површини во РСМ (1.259.996 ha), а обработливата површина е 50.116 ha или 9.7% од онаа на ниво на РСМ. Ова значи дека обработливите површини во ЈЗПР се нешто помали во однос на вкупната земјоделска површина.
- По општини најголеми земјоделски површини има општината Кичево, по што следат: Охрид, Струга, Македонски Брод, Дебрца и Дебар, а забележително помали се површините во Центар Жупа, Пласница и Вевчани.
- Вкупната површина на искористеното земјоделско земјиште изнесува 45.2% од обработливото земјиште и постои голем простор за интензивирање на земјоделието и обработка на необработените површини.

**СИПР ( преглед-табела 13)**

- Во Североисточниот регион три општини,Липково, Старо Нагоричане и Ранковце, се рурални општини, каде населението доминантно се занимава со земјоделие. Иако другите три општини Кратово, Крива Паланка и Куманово се урбани сепак голем број од населението покрај тоа што работи во приватни компании или јавни институции, имаат дополнителна дејност во земјоделието.
- Во рамките на Североисточниот регион вкупно има 141.031 хектари земјоделска површина од што 53,8% проценти или 75.876 хектари е обработлива површина, додека 46,19% проценти или 65.155 хектари се пасишта. Вкупната обработлива површина доминантно се состои од ораници и бавчи (81,84%) или 62.097 хектари, 1.95% овоштарници или 1481 хектари, лозја 1.76% или 1.334 хектари и ливади 14.44% или 10.964 хектари. Во споредба со 2019 година, има намалување на земјоделската површина за 2.662 хектари и на вкупната обработлива површина за 2.529 хектари.
- Во споредба со останатите региони Североисточниот регион се наоѓа на второ место по вкупна обработлива површина, зад Пелагонискиот регион,. Ова всушност покажува дека Североисточниот регион има голема обработлива површина која може да служи како силен потенцијал за развој на земјоделието.

**Полог ( преглед-табела 11)**

- Полошкиот регион располага со 172.595 хектари земјоделско земјиште од што 24,0 % или 41.482 хектари се обработливи површини, а 76,0 % или 131.113 хектари се пасишта. Од обработливите површини во овој регион доминираат ораници и бавчи со 30.189 ха, овоштарници има 964 хектари, лозја само 44 хектари и ливади се над 10 285 хектари.
- Учеството на обработлива површина бележи благ пад во споредба со 2019 година, што укажува на потенцијал за зголемување на обемот на земјоделско производство.

**Преспа-Ресен ( преглед-табела 14)**

- Располага со 22.834 хектари земјоделско земјиште од што 48,8 % или 11.148 хектари се обработлива површина, од кои доминираат ораници и бавчи, 6.745 ха, а следат овоштарници со 3.335 ха, ливади со 938 ха и лозја со 130ха.
- Постои благ тренд на пораст на вкупната обработлива површина за 10 ха, споредено со 2019 година.

## 2.2 Земјоделско производство

Анализата на земјоделското производство го опфаќа производството на житни, индустриски и градинарски култури, овошје и грозје, како и нивното учество во производството на РСМ.

**Табела 10 Учеството на производство на одделни житни, индустриски и градинарски посеви во тони по региони**

| | Република Македонија | | Југозападен | | | Полошки | | | Североисточен | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | Индекс 2021/19 | 2021 | %.2021 | Индекс 2021/19 | 2021 | %.2021 | Индекс 2021/19 | 2021 | %.2021 | Индекс 2021/19 |
| **Пченица** | 243.676 | 101,57 | 13.473 | 5,53% | 106,10 | 20.268 | 8,32% | 101,48 | 35.394 | 14,53% | 78,19 |
| **Пченка** | 130.769 | 90,01 | 13.790 | 10,55% | 115,70 | 33.600 | 25,69% | 91,88 | 7.047 | 5,39% | 113,06 |
| **Тутун** | 24.329 | 92,74 | 130 | 0,53% | 90,91 | | 0,00% | | 181 | 0,74% | 93,30 |
| **Компир** | 178.233 | 94,29 | 19.241 | 10,80% | 113,18 | 35.597 | 19,97% | 90,67 | 13.265 | 7,44% | 93,34 |
| **Кромид** | 63.861 | 107,67 | 544 | 0,85% | 119,30 | 6.915 | 10,83% | 98,18 | 2.112 | 3,31% | 96,00 |
| **Домати** | 154.164 | 101,19 | 1.034 | 0,67% | 114,38 | 11.417 | 7,41% | 99,02 | 3.263 | 2,12% | 105,74 |
| **Пиперки** | 222.926 | 120,21 | 1.100 | 0,49% | 110,33 | 11.435 | 5,13% | 90,78 | 2.683 | 1,20% | 93,32 |
| **Краставици** | 52.950 | 103,78 | 131 | 0,25% | 113,91 | 574 | 1,08% | 81,07 | 210 | 0,40% | 218,75 |




Слика 5 **Производство на одделни житни, индустриски и градинарски посеви во тони, по години, по региони**

Производството на културите наведени во табела 10 во период 2019-2022 година е на исто ниво со мали промени од година во година. ( преглед-табела 15).

**Табела 11 Производство на овошје и грозје во тони, по години, по региони**

| | РСМ | | Југозападен | | | Полошки | | | Североисточен | | | Ресен | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | Индекс 2021/2021 | 2021 | Учество во РСМ 2021 | Индекс 2021/2021 | 2021 | Учество во РСМ 2021 | Индекс 2021/2021 | 2021 | Учество во РСМ 2021 | Индекс 2021/2021 | 2021 | Учество во РСМ 2021 | Индекс 2021/2021 |
| **Цреши** | 4.716 | 78 | 1.150 | 24,39% | 93,42 | 503 | 10,67% | 100,00 | 172 | 3,65% | 84,73 | 156 | 3,31% | 27,23 |
| **Вишни** | 8.372 | 96 | 686 | 8,19% | 85,43 | 798 | 9,53% | 95,91 | 109 | 1,30% | 78,99 | 147 | 1,76% | 38,18 |
| **Кајсии** | 2.584 | 43 | 126 | 4,88% | 99,21 | 34 | 1,32% | 44,74 | 198 | 7,66% | 61,11 | 3 | 0,12% | 60,00 |
| **Јаболка** | 92.863 | 105 | 16.738 | 18,02% | 115,01 | 4.840 | 5,21% | 83,58 | 1.390 | 1,50% | 64,41 | 60.437 | 65,08% | 111,40 |
| **Круши** | 6.631 | 82 | 1.269 | 19,14% | 112,80 | 441 | 6,65% | 75,77 | 601 | 9,06% | 62,15 | 52 | 0,78% | 133,33 |
| **Сливи** | 27.031 | 84 | 5.993 | 22,17% | 109,28 | 863 | 3,19% | 73,07 | 2.383 | 8,82% | 74,87 | 500 | 1,85% | 111,36 |
| **Праски** | 6.205 | 52 | 747 | 12,04% | 124,50 | 38 | 0,61% | 66,67 | 100 | 1,61% | 66,23 | 114 | 1,84% | 70,37 |
| **Ореви** | 4.667 | 93 | 780 | 16,71% | 129,35 | 639 | 13,69% | 88,38 | 441 | 9,45% | 103,28 | 261 | 5,59% | 81,56 |
| **Грозје** | 269.131 | 104 | 7.371 | 2,74% | 145,82 | 468 | 0,17% | 99,57 | 13.261 | 4,93% | 159,48 | | | |

ЈЗПР е карактеристична просторна целина позната по производството на цреши, која е брендирана и позната пошироко. Производството е релативно високо бидејќи ЈЗПР со (1.150 t.) во вкупното производство на РСМ (4.716t.) учествува со 24,39%. По производството на јаболка учеството е 18,02%, кај крушата со 19,14% ореви е 16,71%, а кај сливата со 22,17% %. Другите производи имаат забележително помало учество.

СИПР има најголемо учество во производството на ореви (9,45%), круши (9,06%), и сливи (8,82%), додека останатите овошја незначително учествуваат во вкупниот обем на производство во Република Северна Македонија.

Учеството на ППР над 10% се забележува кај цреште (10,67%)и оревите (13,69%. Останатите производи се со под 10% учество во вкупното производство на СРМ.

Во областа Преспа доминира производство на јаболка со 65,08% од вкупното производство на РСМ, а оревите учествуваат со 5,59%.

Во производството на овошје и грозје се забележува ист тренд во сите региони на благ пад на производство освен кај црешите каде падот е 22% ( преглед табела 16).

## 2.3 Сточен фонд

Развојот на сточарството во разгледуваните региони е презентиран преку сточниот фонд и производство на млеко.

Табела 12 **Вкупен број на добиток, живина и пчелни семејства, и учество по региони-2021 година**

| | **РСМ** | | **Југозападен регион** | | | **Полошки регион** | | | **Североисточен регион** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2021** | **Индекс 2021/2019** | **2021** | **Индекс 2021/2019** | **Учество во РСМ** | **2021** | **Индекс 2021/2019** | **Учество во РСМ** | **2021** | **Индекс 2021/2019** | **Учество во РСМ** |
| **Коњи** | 11.140 | 124,44 | 1.590 | 85 | 14,27% | 1.237 | 146 | 11,10% | 121 | 34,87 | 1,09% |
| **Говеда** | 177.622 | 81,56 | 13.521 | 63 | 7,61% | 34.027 | 73 | 19,16% | 22.875 | 87,53 | 12,88% |
| **Свињи** | 186.146 | 137,10 | 18.954 | 110 | 10,18% | 4.372 | 47 | 2,35% | 25.675 | 153,65 | 13,79% |
| **Овци** | 633.281 | 92,51 | 119.059 | 63 | 18,80% | 81.362 | 93 | 12,85% | 26.202 | 55,71 | 4,14% |
| **Кози** | 75.753 | 86,49 | 15.066 | 90 | 19,89% | 11.307 | 174 | 14,93% | 4.075 | 47,19 | 5,38% |
| **Живина** | 1.484.025 | 95,00 | 205.921 | 68 | 13,88% | 132.771 | 79 | 8,95% | 159.857 | 95,63 | 10,77% |
| **Пчелни семејства** | 92.968 | 96,70 | 2.796 | 26 | 3,01% | 17.426 | 71 | 18,74% | 30.144 | 104,46 | 32,42% |

Во периодот 2019-2021 година вкупниот број на добиток го следи националниот тренд на намалување на добитокот, живината и пчелни семејства, а зголемување на бројот на коњи и свињи ( преглед-табела 18).

- Од табеларниот преглед може да се види дека во ЈЗПР бројот на коњи и говеда перманентно се намалува, а кај свињите динамиката е нестабилна, исто како и кај живината, овците и козите. Бројот на пчелни семејства постојано е во опаѓање..
- Североисточниот регион има најголемо учество со пчелни семејства (32.42%), потоа свињи (13,79%), па говеда (12.88%), живина со 10.70% и кози со 9.86%. Коњите и овците како добиток незначително учествуваат во рамките на овој регион. Раст во 2021 година има само во бројот на свињи и пчелни семејства, 53.65% и 4,49% редоследно.
- Сточарското производство во Полог покажува доминантно учество преку говедата (најмногу млечни крави), овците и живината. Молзните крави и овците имаат посебно значење на овој регион со развиена традиција за млечни производи. Овчарството е традиционално за овие краишта со познатата шарпланинска раса и шарското сирење. Во поледните три години бројот на говеда и овци има пад од 27% и 7% редоследно, но сешто учеството е високо и во 2021 година изнесува 19,6% % од вкупниот број на говеда во државата односно 12,85% од вкупниот број на овци во државата. Исто така козите и

коњите се во подем со 14,95% и 11,1% од вкупното учество во државата.

Ваквите движења бараат сериозен однос и зголемување на поддршката во сточарството во разгледуваните региони, што првостепено подразбира воведување дополнителни стимулативни мерки.

**Табела 13 Производство на млеко и учество на регионите во 2021 год.**

| | РСМ | | Југозападен регион | | | Полошки регион | | | Североисточен регион | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | Индекс 2021/2019 | 2021 | Индекс 2021/2019 | Учество во РСМ | 2021 | Индекс 2021/2019 | Учество во РСМ | 2021 | Индекс 2021/2019 | Учество во РСМ |
| Број на молзни крави | 106.632 | 93,78 | 7.300 | 61 | 6,85% | 19.499 | 81 | 18,29% | 15.434 | 93 | 14,47% |
| Просек по молзна крава, литри | 3.062 | 89,06 | 2.154 | 73 | 70,35% | 3.915 | 107 | 127,86% | 1.936 | 77 | 63,23% |
| Производство на кравјо млеко, '000 литри | 326.523 | 83,53 | 15.726 | 44 | 4,82% | 76.343 | 87 | 23,38% | 29.873 | 72 | 9,15% |
| Број на молзни овци | 487.254 | 95,07 | 82.974 | 62 | 17,03% | 59.068 | 101 | 12,12% | 21.449 | 57 | 4,40% |
| Просек по молзна овца, литри | 71 | 104,41 | 68 | 148 | 95,77% | 62 | 68 | 87,32% | 177 | 133 | 249,30% |
| Производство на овчо млеко, '000 литри | 34.811 | 99,21 | 5.603 | 92 | 16,10% | 3.641 | 69 | 10,46% | 3.799 | 76 | 10,91% |
| Број на молзни кози | 60.552 | 98,67 | 10.170 | 98 | 16,80% | 9.539 | 242 | 15,75% | 3.164 | 53 | 5,23% |
| Просек по молзна коза, литри | 273 | 99,27 | 223 | 63 | 81,68% | 221 | 62 | 80,95% | 346 | 185 | 126,74% |
| Производство на козјо млеко, '000 литри | 16.538 | 98,06 | 2.263 | 61 | 13,68% | 2.113 | 151 | 12,78% | 1.094 | 97 | 6,62% |

Во разгледуваниот период забележан е пад кај бројот на молзни крави, молзни овци и молзни кози. Најголемо учество во производството на кравјо млеко има Полошки регион (23,38%), во споредба со СИПР и ЈЗПР, (9,15% и 4,82%). Во производството на овчо млеко најголемо е учеството на ЈЗПР (16,10%), а речиси исто учество имаат СИПР и ППР (10,91% и 10,46%)

(+) Позитивна тенденција во ППР е зголемувањето на просекот по молзна крава, раст од 7% во однос на 2019 година и 27,86% (3.915 литри) над националниот просек ( 3.062 литри по молзна крава). Исто така, се забележува зголемување на бројот на молзни овци и молзни кози ( 1% и 142%), но сеуште не е постигнат просекот на литри на национално ниво ( 71 литри по молзна овца и 221 литри по молзна крава) ( табела 13)

(+) Позитивна тенденција во ЈЗПР е порастот на просекот литри по молзна крава (48%) и покрај падот на бројот на молзни овци ( преглед табела 19)

(+) Позитивен тренд во СИПР е зголемување на просекот литри по молзна овца (33%) и молзна коза ( 85%).

Наведените наоди укажуваат дека во производителите на млеко ги организираат своите капацитети за зголемување на просекот литри за поголема профитабилност во работењето.

## 2.4 Индекси на цени на аутпути и инпути во земјоделието

За согледување на можностите за искористување на потенцијалот на разгледуваните региони, се направи анализа на цените на оутпутите и инпутите во земјоделското производство.

На слика 6 презентирани се индексите вкупниот аутпут и инпут во земјоделството ( 2015 год=100), каде се забележува дека поголем раст на цените на инпутите (41,9%) во однос на цените на аутпутите ( 1,8% на вкупниот аутпут и 8,2% на вкупниот аутпут без зеленчук, овошје и грозје). Овој пораст е помал и од вкупниот индекс на цените на индустриските производи (38,8%)

Ваквата неповолна состојба во цените на аутпутите и инпутите во земјоделството има влијание во намалување на производството на земјоделски производи (презентирани во точка 2.2) и намалувањето на сточниот фонд во разгледуваните региони (точка 2.3).

За искористување на потенцијалот на регионот потребно е за главните земјоделски производи на регионите да се следат индексите на оутпутите и инпутите во земјоделието, за да може да се намалат овие разлики кај производите со голем потенцијал ( преглед табела 20 и 21, одбележани аутпути и инпути со потемни букви).



| | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|
| Вкупен аутпут | 98,6 | 102,5 | 102,6 | 101,8 |
| Вкупен аутпут без зеленчук и овошје и грозје | 102,4 | 102,5 | 103,1 | 108,2 |
| Вкупен инпут | 113,5 | 107,7 | 117,9 | 141,9 |
| Вкупен индекс на цени на индустриски производи | 101,1 | 101,9 | 110,5 | 134,8 |

Слика 6 Индекси на цени на вкупниот аутпут и инпут во земјоделството, 2015=100, годишни

## 2.6 Индивидуални земјоделски стопанства и корисници на субвенции

Регистрираните индивидуални земјоделци кои се дел од активното население во секторот земјоделие и тоа ЈЗР со 17.098 ИЗ[7], СИР 22.066 ИЗ[8] и Полог 21.198 ИЗ[9] или 60.362 вкупно индивидуални земјоделски стопанства (ИЗС) во 3 -те региони. Овие податоци за потребите на истражувањето беа споредени со бројот на индивидуални стопанства кои се предмет на субвенции од страна на МЗШВ како и вкупната земјоделска површина што е предмет на субвенции.

**Табела 14 Субвенции за земјоделски производи, по ИЗС и хектари, 2022 год**

| Производи за субвенции | ИЗС | Хектари/број |
|---|---|---|
| **Полјоделски производи (житни култури и добиточна храна)** | 16.477 | 17.300 |
| **Градинарски производи** | 2.301 | 882 |
| **Овошје без грозје** | 504 | 475 |
| **Говеда-број** | 1.307 | 14.782 |
| **Овци-број** | 1.268 | 238.486 |
| **Вкупно** | 21.857 | 18.657ха |

Извор МЗШВ податоци од веб страната

Базата на податоци за примателите на субвенции е анекс на извештајот во ексел документ за понатамошно користење на проектниот тим за идентификување на целни групи за производите што ќе бидат предмет на поддршка во рамки на проектот.

[7] Програма за развој на Југозападниот плански регион 2021-2026 година, https://southwestregion.mk/web/wp-content/uploads/2021/07/FinalnaPrograma_JUGOZAPADEN_Planski_Region_2021-2026.pdf ,пристапено на 8.04.2023 год
[8] Програма за развој на Североисточен плански регион 2021-2026 година, https://northeastregion.gov.mk/web/wp-content/uploads/ link to document
[9] Програма за развој на Полошкиот плански регион 2021-2026 година, линк пристапено на 7.04.2023 год

## 2.5 Клучни наоди

| Општи карактеристики/трендови | Потреби |
|---|---|
| Високо ниво на застапеност на земјоделски површини во сите региони но нивната искористеност е слаба. Тренд на намалување на обработлива површина | - Поддршка за обработка на земјиштето од мал посед, интензивирање на земјоделието и обработка на необработените површини. |
| Се зголемување на производството и учеството на пченка, компир и кромид, во сите три региони | -Поддршка за зголемување на обемот на производство и поместување во ланец на вредности, повисока обработка и директен пристап до пазарите |
| Пад на производство на овошје, но сеуште големо учество имаат цреште, сливите и крушите во трите региони и јаболката во Преспа. | -Поддршка за зголемување на обемот на производство и поместување во ланец на вредности, повисока обработка и директен пристап до пазарите |
| Сточниот фонд во опаѓање, како по број, така по видови. Особено кај пчелни семејства. Големо учество на говедата, овците, свињите и козите | Поддршка за зголемување на сточниот фонд и поттикнување на повисока обработка на месото, како и воведување етикета за квалитет за подобар настап на пазарот |
| И покрај падот на бројот на молзни говеда, овци и кози, Позитивна тенденција во зголемувањето на просекот на литри млеко по молзна крава, овца и коза | -промоција на успешни примери и поддршка на ИЗ да го зголемуваат производството на млеко, како и поддршка на здружување за изработка на производи од млеко со етикети за квалитет. |
| Неповолна состојба во цените на аутпутите и инпутите во земјоделството влијае во намалување на производството на земјоделски производи и профитабилноста на ИЗ | -Надградба на системот на субвенции за намалување на диспаритетите во цените, особено кај производите со најголем потенцијал за зголемено производство |

# 3. Институции и програми за поддршка на земјоделието

Во овој дел се прави преглед на програми кои опфаќаат поддршка на земјоделието и стратешки документи за регионите во кои се предвидува поддршка на земјоделието.

## 3.1 Програми за поддршка

### Оперативен план за активни програми и мерки и услуги на пазарот на трудот

Оперативниот план за вработување опфаќа повеќе мерки за поддршка на вработувањето. Во 2020 година[10], со поддршката се реализирани следните резултати:

- 1.364 лица формирале сопствен бизнис преку мерката самовработување со 5.000 евра грант
- 2.218 правни субјекти поддржани со субвенционирање на плати за 2.853 невработени лица
- 552 нововработени лица со мерката вработувања и раст на правни субјекти;
- 114 обучени невработени лица со мерката обука за познат работодавач и вработени 61 лице, 16 лица обучени за стручни квалификации; и 105 учесници на стручни обуки според барањата на работодавачите;
- 281 лица обучени за 17 побарувани занимања, и 50 лица за возачи;
- 120 лица обучени за напредни ИТ вештини и 60 лица обучени за дигитален маркетер, графички дизајнер и веб девелопер.
- 1.544 лица вклучени во мерката практикантство.

Во опфатот на невработените во горенаведените мерки посебно се искажани податоците за ранливите групи, млади до 29 години, жени и лица со попреченост. *Меѓутоа, за сите мерки со исклучок на мерките за самовработување и субвенционирање на плати, недостасуваат податоци за опфатот на невработените лица по плански региони.,како и по сектори за анализа на поддршката на секторот земјоделие.*

### Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво

Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво на Министерството за економија во 2021 година вклучи мерки за поддршка на вработувањето за зелени и дигитални работни места.

- 101 претпријатие субвенционирано (50% од трошоците, а најмногу до 400.000, денари) за набавка и инсталација на фотоволтаични панели.. Вкупен буџет 30.700.000 денари, за поддршка на максимум 76 фирми.
- Финансиска поддршка на женско претприемништво,. Вкупен буџет за мерката е 4.000.000 денари ко-финансирање изнесува максимум 150.000 денари по фирма.
- Развивање и имплементација на проекти за дигитална трансформација на претпријатијата од преработувачка индустрија (50% од вкупните трошоци, а најмногу до 200.000,00 денари). Вкупен буџет 6.000.000 денари, за 30 фирми.
- Поддршка на проекти за Кластери за иновативен и меѓународно ориентиран бизнис (60% од вкупните трошоци, а најмногу до 240.000,00 денари). Вкупен буџет 4.800.000 денари за 20 фирми.
- Кофинансирање на трошоците за набавка на опрема за обука (60% од вкупните трошоци а најмногу до 480.000,00 денари). Вкупно 3.000.000 денари.

[10] Годишен Извештај на АВРСМ за 2020 година

- Воведување на системи за квалитет, ИСО и ХАЛАЛ стандард ( 50% од трошоците, а најмногу до 200.000,00 денари) и сертификат за општествена одговорност SA 8000 (до 120.000,00 денари). Вкупен буџет 4.000.000 денари
- Кофинансирање на трошоците за соработка со истражувачки установи (за воспоставување партнерства со високо образовни и истражувачки институции за развој на иновативни производи во висина до 200.000 денари. Вкупен буџет 3.000.000 денари

Останатите мерки од програмата опфаќаат поддршка на претпријатијата за подобар пазарен настап и развој на нови производи.

Програма за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста[11] што ја спроведува Агенцијата за поддршка и промоција на претприемништвото во 2021 година ги нуди следните услуги за МСП:

- Ваучери за користење на консултантски совети и услуги за 40 МСП (50% од цената, а најмногу до 45.000,00 денари); Вкупен буџет 1.500.000 денари
- Менторски услуги за подобрување на производствениот процес на претпријатијата (најмногу 220.000,00 денари по претпријатие). Вкупен буџет 2.200.000 денари
- Обуки за МСП за зголемување на конкурентноста на домашниот и странскиот пазар.

*Отсуствуваат мерки насочени кон земјоделието. Меѓутоа постои можност земјоделските задруги да се јават како корисници на програмата, како корисници на ваучери за стручни и менторски услуги.*

## Програма за развој на туризмот

Програмата за развој на туризмот[12] на Министерството за економија за 2021 година покрај другите мерки обезбедува поддршка на претпријатија од туризмот за:

- Субвенции за дигитализација на туристичкиот сектор (ко-финансирање на 60% од трошоците за набавка на софтверски решенија, а најмногу до 5.000 евра)

*Не постојат мерки за поддршка на рурален туризам*.

## Програмите за рурален развој и ИПАРД

Програмата ИПАРД 2021-2027[13] во вкупна вредност од 128.073.333 евра опфаќа четири мерки за поддршка на земјоделието и руралниот развој: (1)инвестиции за материјални средства на земјоделски стопанства ( 38,8 милиони евра); (2)инвестиции во материјални средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи (39,7 милиони евра); (3) инвестиции во рурална јавна инфраструктура (16,7 мил. Евра); (4) диверзификација на фармите и развој на бизниси ( 24.4 мил.евра) (5) мерки за агро- околина, климатски промени и органско производство ( 1,6 милиони евра Во сите горе наведени мерки како погодни апликанти се наведени земјоделските задруги..

Користењето на средствата од програмата е со аплицирање на објавени повици специфицирани според мерката, активности и трошоци што ќе се финансираат.

Програмата за рурален развој се носи на годишно ниво и вкупната вредност на програмата за 2023 година изнесува 1.346.366.000 денари (22 мил евра). Таа опфаќа поддршка за млади земјоделци, поттикнување на земјоделското производство, инвестиции за модернизација на земјоделското производство и воведување на нови производи, како и економско здружување на индивидуалните земјоделски стопанства за вршење на стопанска дејност.

[11] http://apprm.gov.mk/content/Documents/Programa_2021.pdf
[12] https://economy.gov.mk/doc/2903
[13] http://www.ipardpa.gov.mk/Root/mak/default_mak.asp

Двете програми стимулираат формирање на земјоделски задруги; Брендирање и маркетинг на производи; циркуларна економија, обновливи извори на енергија, енергетска ефикасност, социјална инклузија со фокус на млади, жени и ранливи групи. Поточно може да претставуваат дополнителна поддршка на активностите на проектот.

**Средства од програмите за развој на земјоделието во 2023 година**[14]

***1.Програма за финансиска поддршка на земјоделието во 2023 година во износ од 6.437.634.000,00 денари***

Во оваа програма се предвидени директни плаќање за растително производство 2.000.000.000,00 денари и сточарско производство 1.000.000.000,00 денари, како и мерки за дополнителна поддршка за развој на земјоделието ( трошоци за горива за земјоделска механизација 360.000.000,00 денари

***2. Програма за финансиска поддршка на руралниот развој во 2023 година во износ од 1.346.366.000 денари***

Предвидени се два вида на поддршка:

- Финансиска во износ од 1.085.500.000,00 денари со 20 мерки, од кои позначајни за проектот се: инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства (680.500.000,00 денари); и **економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност (8.400.000,00 денари).Втората мерка ( 131 од програмата за рурален развој е дизајнирана за да се помогне формирањето на нови земјоделски задруги.**

-Техничка во износ од 230.192.340,00 денари, со 10 мерки, од кои позначајни се: учество на саеми и организација на промотивни настани вон РСМ (40.000.000,00 денари); маркетинг на земјоделски производи и преработени земјоделски производи (35.940.000,00 ден);

***3. Програма за поддршка на развојот на земјоделските задруги на Владата на РСМ[15] за 2023 година во износ од 20.000.000,00 денари***

Ова е нова програма, која за прв пат е донесена 2023 година и со нејзиното спроведување се очекува системско подобрување на работењето на земјоделските задругите и развој на задругарскиот сектор со зголемување на нивната пазарна конкурентност.

Висината на финансиската поддршка согласно Програмата за поддршка на развојот на земјоделските задруги за 2023 година изнесува најмногу до:

- 700.000,00 денари по корисник за инвестиции за примарно земјоделско производство за трошоци за набавка на механизација и опрема, и

- 1.500.000,00 денари по корисник со за инвестиции за преработка на земјоделски производи за трошоци за набавка на опрема, маркетинг услуги и услуги за достигнување на стандарди.

***4. Програма за финансирање на земјоделски производители на храна за 2023 година во износ од 35.000.000,00 денари***

Програмата поддржува регистрирано земјоделско стопанство до максимален износ од 600.000,00 денари (90% трошоци за опрема и 10% трошоци за ангажирање стручно лице)

***5. Програма за поддршка на социјалната сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2023 година во износ од 4.000.000,00 денари***

[14] Пристап до разгледуваните програми на следниот линк

[15] Министерство за Земјоделие, Шумарство и водостопанство „Програмата за поддршка на развојот на земјоделските задруги за 2023 година "„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 97/23.

Програмата ги поддржува жените кои вршат земјоделска дејност и имаат статус на осигуреник-индивидуален земјоделец за породилно отсуство.

Напомена: Ова е преглед на 5-те програми кои се релевантни за проектот од вкупно 13 програми за поддршка на земјоделието што ги спроведува МЗШВ( пристап преку линкот во фуснотите)

### Фонд за технолошки развој и иновации

ФИТР во периодот 2015-2020 година има доделено грантови во висина од 30 милиони евра за инструментите од програмата за работа. Во 2021 година доделени се средства со следните намени:

- Кофинансирање на грантови за комерцијализација на иновации[16] (50% од проектните трошоци);
- Кофинансирање грантови за "Стар-ап и Спин-оф 2'- компании[17], (90% од трошоците на проектот, а најмногу до 40.000 евра, за компании не постари од 3 години и 85% од трошоците, а најмногу до 60.000 евра, за компании не постари од 3 до 6 години);
- Кофинансирање грантови за технолошки развој за забрзан економски раст[18] (70% од трошоците за купување на нова технологија, а најмногу до 85.000 евра);.
- **Дигитализација на земјоделието,[19] (90% од трошоците, а најмногу до 25.000 евра).**

Овие повици директно влијаат на креирање на работни места во земјоделието.

### Кредитни линии

Постојат кредитните линии кои нудат финансиски продукти за поддршка на претпријатијата, а кои се менаџираат преку Развојната Банка на Република Северна Македонија во износ од 16,5 милиони евра за 2021 година.[20] . Две од нив се однесуваат на поддршка на претпријатијата за преструктурирање во време на КОВИД кризата.

- Бескаматна кредитна линија за микро, мали и средни претпријатија (за период до 42 месеци со грејс период од 12 месеци, без административни трошоци за обработка на кредитот);[21]
- Кредит за МСП за трајни обртни средства (1,6% каматна стапка, период до 3 години и 6 месеци грејс период);[22]
- **кредит за поддршка на земјоделството и агроиндустријата - примарно производство, преработка и извоз - преку комерцијалните банки или директно преку РБСМ**
- Кредитна линија на ЕБРД за ЕЕ на домаќинствата која се реализира преку комерцијалните банки.[23]

Отсуствуваат извештаи за користењето на овие кредитни линии по плански региони.

---

16 https://fitr.mk/komercijalizacija2021/
17 https://fitr.mk/wp-content/uploads/2021/06/Faza-na-aplikacija-TR-za-startapuvaj3-Juni-2021.pdf
18 https://fitr.mk/wp-content/uploads/2021/10/kofinansiranje-tabela_04_1210.pdf
19 https://fitr.mk/wp-content/uploads/2021/11/Digitalization-of-Agriculture-2.pdf
20 https://www.mbdp.com.mk/mk/
21 https://www.mbdp.com.mk/mk/kreditiranje/kovid-4
22 https://www.mbdp.com.mk/mk/kreditiranje/msp
23 . https://ebrdgeff.com/macedonia/mk/

## Донаторски програми и проекти

Активни донаторски програми и проекти во РСМ, поврзани со креирање на зелени и дигитални работни места се:

- EDGE (проект за економски развој, управување и раст на претпријатијата). Активностите на основната компонента промовираат регионализација, ги намалуваат бариерите за трговија и го поддржуваат растот на МСП во три клучни синџири на вредности (овошје и зеленчук; дојдовен еко/агро/културен туризам; и текстил и преработка на дрво/производство на мебел). Сите основни активности вклучуваат учесници од најмалку две земји;[24]
- E4E (Образование за вработување). Најпопуларниот инструмент што E4E го користи за финансиска поддршка е фондот каде што апликантите можат да добијат целосна финансиска поддршка за развој на наставни, програми и обуки. Целта на фондот е да им помогне на компаниите да обезбедат висококвалитетна работна сила приспособена на нивните потреби на брз начин;[25]
- Програмата за зголемување на пазарната вработливост има за цел да создаде 2.706 нови и поквалитетни работни места преку развој на приватниот сектор во избраните сектори со висок раст, меѓу кои е ИТ, земјоделието и туризмот. Поддршката се однесува на стручни совети, обуки за потребните вештини и пристап до финансии.. Ова ќе придонесе за повеќе невработени или недоволно вработени сила во Северна Македонија, особено млади и жени, да добијат одржливо, пристојно вработување или самовработување и да заработат повисоки приходи;[26].

## Клучни наоди

| Општи карактеристики/трендови | Потреби |
|---|---|
| **Програмите се фокусирани на поддршка на претпријатијата, поддршката на земјоделскиот сектор се испорачува само до претпријатија од земјоделскиот сектор** | **-Вклучување на земјоделските задруги во програмите на другите министерства и владини агенции, како и во програмите на донаторите** |
| **Најголема поддршка обезбедуваат ИПАРД и Програмата за рурален развој (годишна). Пристапот до финансиска поддршка бара добро познавање на административните процедури за аплицирање на мерките** | **-Поддршка на ИЗ за информирање и пристап до програмите, како и стручни совети за подготовка на апликацијата, вклучувајќи и совети за имплементација на одобрени финансиски средства.** |

[24] https://www.facebook.com/edgeusaidproject/
[25] www.e4e.mk
[26] https://ime.org.mk

## 3.2. Преглед на релевантни документи за регионите

Прегледот на релевантните документи ги опфаќа трите нивоа на владеење кои се имаат надлежности за развојот на регионите и земјоделскиот сектор.

### Национално ниво

Стратегијата за балансиран регионален развој 2021-2031. Има три стратешки цели со 16 приоритети:

1. Подеднакво економски развиени, еколошки одржливи и конкурентни плански региони преку постојано спроведувана паметна специјализација и посилна стимулација на приватните инвестиции во синергијата со јавните инвестиции, со 7 приоритети;
2. Атрактивните плански региони со подобрени локални услуги, ефикасен пристап до пазарот на трудот, обезбедија повисок степен на родова еднаквост и ефикасна социјална заштита на најранливите групи на населението; со 6 приоритети;
3. Значително зајакната политика на регионален развој, подобрени финансиски инструменти за нејзино спроведување и изградени административни капацитети на централно, регионално и локално ниво. со 3 приоритети.

Стратегијата се фокусира на постојните потенцијали на регионот и инвестициите во инфраструктурата, вклучувајќи инвестиции во заштита на животната средина и дигитализација. Во поглед на поддршката за земјоделскиот сектор нема директно предложени мерки.

### Полошки регион

**Центарот за развој на Полошкиот плански регион** функционира врз основа на два стратешки долгорочни документи, Водич за инвестирање во Полошкиот плански регион со мапа на слободни / индустриски зони и Програмата за развој на Полошкиот регион 2021-2026

***Водичот за внесување на штандови во регионот на Полог*** нагласува неколку можности за инвестирање во: административни и деловни активности во урбаните и руралните средини; образовни центри и комерцијални комплекси; Технолошко-индустриска зона во Тетово; текстилна и дрвена индустрија, производство на храна, туризам; Зимски туристички центри Маврово и Заре Лазаревски и Попова Сачка.

Документот мапира 70 локации за инвестиции, една индустриска зона "Лешок" и 30 локации во технолошко-индустриската зона во Тетово.

***Програмата за развој на полошкиот регион 2021-2026*** дефинира три среднорочни цели, а поддршка на земјоделскиот сектор е опфатено во првата среднорочна цел :

1) Започнување на економски развој преку функционални екосистеми за бизнис и иновации со индикатори за зголемување на БДП на ниво на државен просек, 15 отсто поголем број бизнис субјекти, 5000 нови работни места и стапка на невработеност од 18 отсто. Поставени се следниве приоритети за постигнување на целта:
    - Поддршка за претприемништвото, конкурентноста, иновациите на МСМЕ со 3 мерки;
    - **Поддршка на руралниот туризам, руралниот развој и одржливото и конкурентно земјоделство во полошкиот регион,;**
    - Подобрување на соработката на институциите / организациите за поддршка на СМИ со 1 мерка;
    - Подобрување на квалитетот на животот на населението преку инвестиции во патната, корисната и

енергетската инфраструктура со 1 мерка.

Во рамки на приоритетот поддршка на руралниот туризам, руралниот развој и одржливо и конкретно земјоделство , од предвидените 11 активности 2 се однесуваат на поддршка на земјоделството:

- Зголемување на обработливата површина во Полошкиот регион преку уредување на имотно-правните односи, создавање услови за подобро користење на необработените површини
- Поддршка за заштита, промоција и брендирање на традиционалните производи во Полошкиот регион (пр.Тетовски грав/јаболка, Шар Планинско јагне/кашкавал, и слично)[27].

Финансирањето на програмата за развој на регионот Полог има за цел поддршка на учесниците за подготвување проекти и привлекување на средства од донатори или програми на централната власт. Основниот пристап е да се следат барањата на донаторите и меѓународните програми во дефинирањето на имплементацијата на предложените мерки и приоритети. Затоа не се предвидени финансиски средства за спроведување на планираните активности.

**На ниво на општини** во нивните донесени стратегии за Локален економски развој и рурален развој се споменува поддршка на земјоделието, најмногу за брендирање на производите и пристап до ИПРД програмата. Имплементацијата на стратегиите е преку годишните работни програми на општинските сектори и оддели, а поголемиот дел од мерките и проектите се планира да бидат финансирани од надворешни извори (донатори и национални програми).

## Југозападен регион

**Центарот на ЈЗПР** во својата програма за работа 2021-2026 година има дефинирано среднорочна цел развој на Економијата и МСП, земјоделието и руралниот развој, во која 1 од 5те приоритети е Унапредување на земјоделството и руралниот развој каде очекувани резултати се: изработени студии за земјоделство и сточарство сточарството; кампањи и информативни средби; **организирани промоции за инвестирање во капацитети за преработки**; промотивни средби за новиот национален гарантен фонд; проекти за комунална инфраструктура во селата; настани за промоција на рурални економски дејности.

Индикатори за следење на успешноста на овој приоритет се

- Покриеност на земјоделските површини со системи за наводнување;
- Број на корисници на системите за наводнување;
- Површина на пренаменето земјоделско земјиште;
- Должина на реконструирани и изградени пристапни патишта до обработливи површини;
- Количини на употребени хемиски средства; **Произведени количини на органска храна**; **Брендирани земјоделски и сточарски производи**;; **Износ на искористени средства од фондот;**
- Висина на инвестиции во аквакултура, земјоделство шумарство, ловство, занаетчиство;
- Бруто додадена вредност од земјоделство, шумарство и рибарство;
- Учество на земјоделството, шумарството и рибарството во БДП.

**Општините во регионот** немаат посебно стратегии за развој на земјоделството, туку поддршката ја планираат во рамки на стратегиите за локален економски развој.

Програмите на регионот и стратегиите на општините немаат проектирано буџет за нивното остварување. Планираната поддршка на земјоделството се потпира на надворешни, а не буџетски средства за реализирање.

[27] Програма за развој на ППР 2021-2026, страна 153

## Североисточен регион

Во програмата на СИПР една од четирите стратешки цели е интеграција на развојот на земјоделието, руралниот развој и туризмот во регионот. За остварување на оваа цел прв приоритет е зголемување на бруто-додадената вредност на земјоделското производство во регионот, а за кое предвидени се следните мерки:

1. **Привлекување на нови странски и домашни инвестиции во земјоделието и преработка на храна** со следните активности:

- Изработка на посебен дел во програмата за привлекување на инвестиции кој ги презентира можностите за инвестирање во земјоделието
- Активни промотивни кампањи на промоторот за привлекување на инвестиции во секторот земјоделие
- Учество на промоторот на различни саеми и инвестициски форуми поврзани со инвестиции во фармерско производство и производство на здрава храна
- Презентирање на можностите за инвестирање во земјоделието во регионот пред домашните и регионалните стопански комори

2. **Зголемена поддршка при аплицирање за ИПАРД фондовите и добивање на субвенции**, со следните активности
   - Формирање на посебни канцеларии во општините (особено во руралните) за поддршка на процесот за аплицирање за ИПАРД фондовите
   - Поддршка на земјоделците при подготовка на документацијата потребна за добивање на субвенции
   - Зголемување на бројот и опфатот на обуките за аплицирање за ИПАРД фондовите
3. **Развој на човечкиот капитал кај руралното население преку дефинирање на соодветни едукативни програми (формално и неформално образование) и поттикнување на активно учество на младите и жените во земјоделието**
4. **Поддршка на земјоделските задруги и други видови на хоризонтално поврзување на земјоделството (кластери, машински прстени и сл.),** со следните активности:
   - Едукација, промоција и информирање за **задругарството,** можностите и предностите
   - Идентификација и ставање на располагање на регионалните капацитети и расположливи ресурси, како и директна поддршка во процесот на надминување на пречките преку регионалните тимови
5. **Уредување на пазарите, организација на прехранбениот синцир и подобрување на квалитетот на земјоделските производи**
   - Изработка на проекти за развој на агро-индустриски зони
   - Планирање и создавање на предуслови за воспоставување на агро-индустриски зони
   - Поддршка и поттикнување на формирање и модернизирање на регионални агро-индустриски зони
6. **Унапредување на конкурентноста на земјоделското пориzводство преку паметна специјализација и стандардизација на производството**

Центарот за СИПР има предвидено најмногу активности за поддршка на земјоделието и активности за координација за привлекување на средства за спроведување на планираните активности. **Општините во регионот** со своите стратегии ги следат активностите дефинирани во програмата за работа 2021-2026 година.

## Клучни наоди

| Општи карактеристики/трендови | Потреби |
|---|---|
| Центри за развој на планските региони планираат активности за поддршка на земјоделството и тоа го имаат дефинирано во нивните програми за работа преку среднорочни цели, стратешки приоритети и мерки. Отсуствуваат буџет и изворите на финансирање на активностите. | -Поддршка за обезбедување на финансиски средства на ниво на регион и општини за реализирање на планираните активности . |
| Најчесто споменувани активности се брендирање на земјоделските производи и поддршка на ИЗ за здружување во земјоделски задруги. | -Да се промовира проектот пред институциите на национално и регионално ниво, за обезбедување на синергија и поддршка за постигнување на планираните резултати.. |

# 4. Препораки за потенцијалот на регионите за развој на земјоделството

Воопшто искористување на потенцијалот за развој на земјоделието во Република Северна Македонија зависи од споредување на исполнување од препораките дадени во ИПАРД програмата за периодот 2021-2027[28], како и успешната реализација на мерките од Програмите за работа на регионите 2021-2026 година.

Меѓутоа во текот на истражувањето на регионот се согледаа одредени потенцијали заеднички за сите разгледувани регион кој би помогнал во спроведување на проектните активности и тоа:

- Зајакнување на конкурентноста на земјоделството и сточарството со производи со повисока додадена вредност, органска храна и повисоки нивоа на преработка;
- Агро-еколошки бизнис со воведување на органско производство и повисок степен на преработка на производи;

Поединечните потенцијали се за следните производи:

***1. Полошки регион:***




**Тетовски грав**

- Зголемување на производство преку искористување на земјоделските површини;
- Поддршка за формирање на задруги за користење на поддршката за субвенционирање на приходот на задругите за 10 %
- Воведување на географска ознака и брендирање
- Воведување на повисоки форми на обработка ( пакување, конзервирање)



**Шар Планинско јагне**

- Поддршка за формирање на задруги за користење на поддршката за субвенционирање на приходот на задругите за 10 %
- Воведување на географска ознака и брендирање
- Воспоставување на односи со производители за соработка



**Кашкавал**

- Поддршка за формирање на задруги за користење на поддршката за субвенционирање на приходот на задругите за 10 %
- Воведување на географска ознака и брендирање
- Воспоставување на односи со големи трговски ланци на продавници и прескокнување на посредници

[28] ИПАРД Програма 2021-2027, страна 32-38

***2. Југозападен регион:***




**Цреша и Вишња,**

- Зголемување на производство преку искористување на земјоделските површини;
- Поддршка за формирање на задруги за користење на поддршката за субвенционирање на приходот на задругите за 10 %
- Користење на регистрираната географска ознака и брендирање
- Воведување на повисоки форми на обработка ( пакување, конзервирање, алкохол, ракија ,ликер, смрзнати за слаткарство)




**Лешник**

- Зголемување на производство преку искористување на земјоделските површини;
- Поддршка за формирање на задруги за користење на поддршката за субвенционирање на приходот на задругите за 10 %
- Брендирање на производите со повисоки форми на обработка (пакување, печење,

3. ***Североисточен регион:***



**Овчеполка-Праменка -јагнешко месо**

- Поддршка за формирање на задруги за користење на поддршката за субвенционирање на приходот на задругите за 10 %
- Искористување на регистрираната географска ознака и брендирање
- Воспоставување на односи со производители за соработка




**Сирење и кашкавал**

- Поддршка за формирање на задруги за користење на поддршката за субвенционирање на приходот на задругите за 10 %
- Искористување на регистрираната географска ознака и брендирање на сирењето и кашкавалот
- Воспоставување на односи со производители за соработка
- Поддршка во обука за овчари и мандраџии за стандардизирање на квалитетот на производите




**Лешник**

- Зголемување на производство преку искористување на земјоделските површини;
- Поддршка за формирање на задруги за користење на поддршката за субвенционирање на приходот на задругите за 10 %
- Брендирање на производите со повисоки форми на обработка (пакување, печење,

4. ***Ресен:*** Јаболка повисоки фази на калибрирање и класификација на квалитетот, мед со етикета за квалитет Пелистерски мед.





**Јаболка,**

- Зголемување на производство преку искористување на земјоделските површини;
- Поддршка за формирање на задруги за користење на поддршката за субвенционирање на приходот на задругите за 10 %
- Калибрирање и класификација на квалитетот
- Воведување на повисоки форми на обработка ( пакување, конзервирање, алкохол, смрзнати за слаткарство)
- Воведување етикета за квалитет и брендирање



**Мед**

- Поддршка за формирање на задруги за користење на поддршката за субвенционирање на приходот на задругите за 10 %
- Брендирање на производите
- Воведување на етикета за квалитет „Пелистерски мед"

## Препораки за проектот

За искористување на предложениот потенцијал неопходни се два вида на поддршка на регистрираните земјоделци и земјоделски задруги за градење капацитет и тоа:

**Едукација и обуки за:**

- Зголемување на обемот на производство и подобрување на продуктивноста преку здружување во земјоделски задруги ,
- Подобрување на квалитетот;
- Информации и обуки за примена на новите стандарди за заштита на околината, загадувањето и енергетска ефикасност:
- Градење на капацитет на индивидуалните земјоделци и земјоделските задруги за воведување на етикета за квалитет и/или географска ознака. Исто така потребно е обука за обезбедување на стандарден квалитет на производите за кои е воведена географска ознака или етикета за квалитет;

***Менторство ( коучинг) за.***

- Поддршка за брендирање на воведените производи како и осмислување на повисоки форми на преработка ( калибрирање, пакување и слично):
- Пристап до пазарот и купувачи за подолгорочна соработка
- Пристап до државната поддршка

***Инвестиции за :***

- Примена на нови методи на менаџирање на работењето;
- Модернизација и нови технологии во работењето
- Предлог политики за субвенционирање на производите за ублажување на диспаритетот на цените на аутпутите и инпутите во земјоделството.

## База на заинтересирани страни

Собраните податоци за ИЗ и ЗЗ се анекси на овој извештај ( ворд и Ексел документи)

- Регистрирани земјоделски задруги во Република Македонија
- Листа на ЗЗ членки на МАЗЗ
- Индивидуални земјоделци, корисници на субвенции за растително производство
- Индивидуални земјоделци, корисници на субвенции за сточарско производство

Доколку се прифатат препораките за производите што треба да се поддржат со проектот базата може да послужи за идентификување на ИЗ и ЗЗ за вклучување во проектните активности за реализирање на предложените препораки за производите со потенцијал.

# Заклучоци

